**Известување за концентрација со која Дицитал Вижн Груп ГмбХ (Digital Vision Group GmbH) Хамбург, Германија има намера да стекне индиректна единствена контрола врз дигитал соулушнс ГмбХ (digital soulutions GmbH) Ботигхофен, Швајцарија и индиректно врз неговото целосно зависно друштво Друштво за ИТ решенија и услуги Н47 ДООЕЛ Скопје, Северна Македонија**

**(предмет бр. 08-127/2021)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 26.11.2021 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Дицитал Вижн Груп ГмбХ (Digital Vision Group GmbH), со седиште во Нојер Вол 10, 20354 Хамбург, Германија (Neuer Wall 10, 20354 Hamburg, Germany) има намера да стекне индиректна единствена контрола врз дигитал соулушнс ГмбХ (digital soulutions GmbH), со седиште на Сеестрасе 46, 8598 Ботигхофен, Швајцарија (Seestrasse 46, 8598 Bottighofen, Switzerland) и индиректно врз неговото целосно зависно друштво Друштво за ИТ решенија и услуги Н47 ДООЕЛ Скопје, со седиште на Алжирска бр.31, Карпош, Скопје, Северна Македонија, по пат на купопродажба на удели.

Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:

Дицитал Вижн Груп ГмбХ е холдинг друштво на својата корпоративна групација, чија цел е стекнување и управување со удели во други друштва и давање услуги на управување на таквите поврзани друштва. Дицитал Вижн Груп ГмбХ е составена од зависните друштва на Дицитал Вижн Груп кои обезбедуваат различни ИТ услуги, вклучувајќи развој на софтвер, cloud решенија и IoT (internet-of-things) решенија.

Дицитал Вижн Груп ГмбХ нема зависни друштва во Република Северна Македонија.

дигитал соулушнс ГмбХ е холдинг друштво на Н47 групата, која обезбедува ИТ консалтинг, развој на софтвер, cloud услуги и услуги за дигитализација на процеси во Швајцарија.

дигитал соулушнс ГмбХ има едно зависно друштво во Република северна Македонија и тоа Друштво за ИТ решенија и услуги Н47 ДООЕЛ Скопје, со седиште на Алжирска бр.31, Карпош, Скопје, Северна Македонија со регистрирана примарна дејност останати услуги во врска со информатичката технологија и компјутерите.

Според подносителот, релевантниот пазар на производи може да се дефинира како пазар на услуги на информатичка технологија (IT), додека точниот географски опсег на пазарот е најмалку национален или поширок од национален, но дефиницијата на релевантниот географски пазар може да се остави отворена.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпаде под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

29.11.2021 година
Скопје